# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**21-ти јули 2021 година, Гевгелија          Број 8    Година XXXX**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 год.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 20.07.2021 година, по расправата за Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал за период од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, за периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година (кумулативно).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1145/1<br>20.07.2021 год<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов, с.р.**

-----------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 6 став (1) од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија” бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 год.), Советот на Општина Гевгелија на шеесет и четвртата седница, одржана на ден 20.07.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

**за примање донација од Државна видеолотарија – "Аустриа Касинос" ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал, кошарка и изградба на детски парк во Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Гевгелија прима донација од Државната видеолотарија "Аустриа Касинос" ДОО Скопје, во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка (Ракометното игралиште во рамките на Градскиот стадион во Гевгелија), и изградба на детски парк во Гевгелија, на КП бр.2885/1 КО Гевгелија со површина од 2500 м2, сопственост на Република Северна Македонија, запишано во Имотен лист бр.18293 КО Гевгелија.

**Член 2**

**Предмет на оваа донација е следнава опрема:**

**А) за мултифункционалниот терен за ракомет, фудбал и кошарка**

- Набавка и монтажа на Гумена подлога (тартар) за игралиште од 800 м2,
- Набавка, транспорт и цртање на бели линии за обележување на фудбалскиот и кошаркарскиот терен,
- Набавка, транспорт и поставување на 2 табли за кош со челична рамка електростатска фарбана исполнета со транспарентен плексиглас 6 мм со димензии на табла 180x105 cm поставена врз метален столб Ф80 со анкери,
- Набавка, транспорт и поставување на 2 фудбалски голови со димензии 248x80x155cm, изработени од метална конструкција, и јажеста мрежа,
- Набавка, транспорт и монтажа на ограда околу мултифункционалниот терен за ракомет, фудбал и кошарка.

**Б) за детскиот парк**

**Детски реквизити:**

- Пирамида од челична конструкција,јажиња со сајли и алуминиумски спојки 280x280x270см.
- Сет од 2 клацкалки од дрвена конструкција со гумирани седишта, метални ракохвати механизам 350x165x120см.
- Лулашка од дрвена/метална конструкција со гумирани седишта 320x200x220см.
- Лулашка од дрвена/метална конструкција со гумирани седишта со корпа за деца до 3 години 320x200x220см.
- Инклузивна детска вртелешка со 3 рампи за количка.
- Детска инклузивна клацкалка со седишта наменети за лица со специјални потреби 350x165x120см.
- Инклузивна лулашка со дрвена/метална конструкција 320x200x220см.
- Детски комплекс од дрвена конструкција со 3 платформи, 2 лизгалки, пожарникарска шипка, стрмен влез со јаже и камења за качување, справа за одење со раце, јаже за качување 550x750x320см.

**Гумена подлога:**
- Гумени плочки во керамидеста црвена боја во површина од 440м.

**Метална ограда:**
- 69м2 висина 150см.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи договор за примање на донација со директорот на Државна видеолотарија – Аустриа Касинос ДОО Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1146/1
20.07.2021 год.
Гевгелија

Претседател,
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р**

---------------------------------------

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 3, и членовите 53 и 54 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.07.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за разрешување и избор на член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина Гевгелија

1. Се разрешува Лазар Мешков од функцијата член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина Гевгелија, поради престанок на мандатот на член на Советот на Општина Гевгелија.
2. Се избира **Димитар Јанев** за нов член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина Гевгелија .
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1147/1
20.07.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

------------------------------

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 8, и членовите 53 и 54 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.07.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за разрешување и избор на член на Комисијата за функционирање на системот за локална самоуправа при Советот на општина Гевгелија

1.Се разрешува Лазар Мешков од функцијата член на Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа при Советот на Општина Гевгелија, поради престанок на мандатот на член на Советот на Општина Гевгелија.

2.Се избира **Димитар Јанев**, за нов член на Комисијата за функционирање на системот на локалната самоуправа при Советот на Општина Гевгелија .

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1148/1
20.07.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

-----------------------------------

Врз основа на член 158 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19 и 275/19год.), член 2 од Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 6/2021 год.) и член 38 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 20.07.2021 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за именување членови во Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија

1. Во Советот за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија, се именуваат:

-Татјана Бојкова, претставник од ОВР- Гевгелија,
-Софија Ручкоманова, претставник од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија,

-Елена Енџекчева-Петрушева, претставник од Совет на родители на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија,

-Трајанка Димовска-Андонова, претставник од Совет на родители на ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија,

-Митра Дичева, претставник од Совет на родители на ООУ „Климент Охридски“- Миравци,

-Ристо Демерџиев, претставник од Совет на родители на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци,

-Александра Поповиќ, претставник од Унијата на средношколци,

-Љупка Јанчева, претставник од Адвокатската комора на Република Северна Македонија,

-Ивана Хаџи-Николова, претставник од здруженија и фондации,

-Василка Садикова-Ковачева, претставник од Основното јавно обвинителство- Гевгелија,

-Билјана Делова-Николова, претставник од Основен суд- Гевгелија,

-Елизабета Јаневска,

-Трајко Арџанлиев, и

-Томе Ќичуков, претставници од Советот на Општина Гевгелија.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1149/1
20.07.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

-----------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 г.), член 38 став (1) точка 36 и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.07.2021 година, по расправата за Полугодишниот Извештај за состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува полугодишниот извештај за состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија за 2021 година, под службен бр.22.26.6.1-615/5 од 06.07.2021 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до Одделението за внатрешни работи-Гевгелија - Полициска станица од општа надлежност-Гевгелија.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија"

бр.09-1150/1 Претседател
20.07.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

--------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 20-б став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 год. и ″Службен весник на РСМ″ бр.143/19 и 14/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 20.07.2021 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за недавање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година

### Член 1

**Не се дава согласност** на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2021 година, предложен од Градоначалникот на Општина Гевгелија, под бр.04-1123/1 од 14.07.2021 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1151/1 Претседател
20.07.2021 год на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

---------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 20.07.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од **67.650,00 денари** како финансиска помош на АД Водостопанство на РСМ – Подружница "Јужен Вардар" – Гевгелија, заради изведување градежни зафати за подобрување на работата на системот за наводнување на потегот Негорци-Прдејци.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, од Основниот буџет ставка 464990 - Други трансфери Програма Д0 -Градоначалник, а ќе се преведат на денарската трансакциска сметка 210-0730432301-04 на фирмата "ВСПИ-ВОДИНГ" ДООЕЛ – с.Миравци, отворена во НЛБ Банка АД-Скопје, филијала Гевгелија.

**Член 3**

Исплатата на финансиските средства ќе следува по приложување на фактурата од ангажираната фирма за електрофузионо заварување на ПЕ цевковод DN 560 и заварувањето на колено на ПЕ цевковод DN 560.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1152/1
20.07.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---------------------------------

Врз основа на 114 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019 и „Службен весник на РСМ" бр.87/2020), член 21-а став (1, (2) и (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ" бр.6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015, 215/2015 и „Службен весник на РСМ" бр.153/2019 и 261/2019), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 20.07 2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

**За поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел, започната со Одлука бр.03-707/1 од 23.04.2021 година донесена од Советот на Општина Гевгелија, објавена во "Службен гласник на Општина Гевгелија"

бр.5/2021, по спроведената отворена постапка бр.07969/2021, **поради тоа што не е поднесена ниту една прифатлива понуда.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 23.04.2021 година, донесе Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел, бр.03-707/1 од 23.04.2021 година (“Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.5/2021).

Постапката се спроведува согласно Законот за јавните набавки и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Согласно член 77 од Законот за јавните и член 20 став (1) и (2) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, со Одлука за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и формирање на Комисија за спроведување на постапката, бр.05-775/1 од 10.05.2021 година, донесена од Градоначалникот на Општина Гевгелија, формирана е Комисијата која ќе ја спроведе постапката, утврдено е дека Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се додели по пат на отворена постапка со објавување на оглас согласно одредбите на Законот за јавните набавки и дека постапката ќе се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН), а дека електронската аукција ќе се спроведе во електронскиот систем за електронска аукција воспоставен во Министерството за економија. Како критериум за избор на најповолна понуда е предвидено да се користи економски најповолната понуда врз основа на најдобар однос меѓу цена и квалитет.

Комисијата за спроведување на постапката врз основа на Физибилити студија за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Гевгелија, ја подготвила Тендерската документација, бр.05-775/2 од 12.05.2021 година.

Огласот бр.07969/2021 е објавен во ЕСЈН на ден 12.05.2021 година и во „Службен весник на РСМ" бр.107/20212 од 14.05.2021 година, а согласно член 41 став 3 од ЗЈН оглас е објавен и во службеното гласило на Европската унија под бр. OJ/S S97 20/05/2021 252138-2021-EN

Во текот на постапката биле поставени 21 прашање за појаснување и истите биле уредно одговорени.

На 04.06.2021 година во ЕСЈН бил објавен Прилог - Известување за измена и дополнителни информации во постапката.

Во текот на постапката, а пред одржување на јавно отворање, од страна на еономскиот оператор ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид, на ден 09.06.2021 година, преку ЕСЈН била поднесена Жалба до Државната комисијата за жалби по јавни набавки (во понатаможниот текст ДКЖЈН), против објавување на известување (одговори на поставени прашања) за измени и дополнителни информации во постапката односно жалбата е поднесена против тендерската документација.

Јавното отворање на понудите е одржано на ден 11.06.2021 година, а до предвидениот рок, до денот и часот на јавното отворање на понудите во ЕСЈН се поднесени 3 (три) понуди.

Согласно член 108 од ЗЈН, Комисијата во присуство на овластени претставници на економските оператори ги отвори пристигнатите понуди од: Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид, ги прочита предвидените елементи во понудата и врз основа на став 7 од членот 108 од ЗЈН, изготви Записник од јавното отворање на понудите.

По јавното отворање на понудите, Комисијата имајќи предвид дека поднесената жалба може да биде усвоена со што продолжување на постапката може да биде ризично, одлучила да го запре продолжувањето на постапката и да го сочека исходот од жалбата, а согласно член 152 став 1 од ЗЈН

во рок од 5 дена од поднесување, жалбата со сите прилози ја направила достапна на ДКЖЈН, заедно со одговор на жалбата со образложение на фактите, поднесените понуди и сите документи во тендерското досие.

Со Решение, бр.11-650/12 од 23.06.2021 година, ДКЖЈН ја одбила жалбата поднесена од еономскиот оператор ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид како неоснована.

По одбивање на жалбата, Комисијата ја продолжила постапката и започнала со евалуација на понудите.

Прво извршила проверка на **комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите.**

**При проверка на документацијата, Комисијата утврдила дека** понудувачот Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, немал доставено комплетна и валидна документација и ја исклучила оваа понуда од понатамошна постапка од следните причини:

-Изјавата дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН од субјектот од кој користи подршка - ИНТЕРЕНЕРГО енергетски инженеринг, д.о.о. Љубљана не била дигитално потпишана; - Банкарската гаранција не била прикачена во ЕСЈН; - Немало доставено пополнета и потпишана Листа на документи за евалуација која ги содржи сите потребни документи кои треба да бидат составен дел на Понудата. Понудувачот не ги исполнувал минималните услови за економската и финансиската состојба односно немал доставено „Извод од целокупниот приход на компанијата (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех); и онаму каде што е соодветно, од прометот во областа која се покрива со договорот за ЈПП и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации", а доставената Информација за економско финансиска состојба не била Извод од целокупниот приход. Понудувачот не ги исполнувал ни

минималните услови за техничка и професионалната способност, односно немал валиден доказ дека субјектите што даваат подршка ќе ги стават на располагање соодветните ресурси (Изјавите не биле дигитално потпишани); користел подршка од други субјекти во врска со образовните и стручните квалификации односно за инсталација на опремата како подизведувач бил наведен ТЕРАТРЕЈД Дооел Скопје, а од овој субјект немало подршка со вработени лица што е спротивно на член 96 став 2 од ЗЈН каде што е предвидено дека: *„Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност*“. Подршката со вработени е од друг субјект кој не бил за инсталација на опремата туку само за надзор. Понатаму понудувачот немал доставено никаков доказ за стручниот кадар - 2 електроинженери со работно искуство од најмалку 3 години и 2 лица со средна стручна спрема од електро насока, дека ги исполнуваат предвидените критериуми (доказ за образование, Овластување, работно искуство); а немало доставено ниту доказ за располагање со најмалку една дигалка со фиксна корпа и едно лесно возило (доставена била само Изјава без сообраќајни дозволи или други документи за возилата).

Комисијата утврдила дека останатите два понудувачи Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, и ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка - Подружница во Република Македонија, Охрид, доставиле комплетна и валидна документација.

Понатаму, Комисијата со учество на надворешни стучни лица продолжила со евалуацијата на техничките понуди на двата останати понудувачи, со анализа на доставените мостри и техничка документација, по што утврдила дека и двете понуди не ги исполнувале условите и барањата од техничките спецификации, поради што ги исклучила од понатамошната постапка.

Имено, понудата на понудувачот Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, не ги исполнувала условите и барањата од техничките спецификации, од причини што: - Не бил доставен Извештај за испитување отпорност на удар (IK тест) согласно стандард IEC-EN 62262 (била доставена само декларација); - Не бил доставен Извештај за испитување на степен на механичка заштита IP согласно стандард IEC-EN 60598-1 (била доставена само декларација); - Извештај за мерење на фотометриските карактеристики согласно стандардите LM79-08, CIE 121-1996, EN 12193-2018 и EN 13032-1, како и сертификати издадени од соодветна акредитирана лабораторија согласно ISO 17025 стандард, со што се докажува исполнувањето на бараните фотометриски карактеристики на светилката не биле издадени од акредитирана лабараторија; - Фотометриските пресметки за Тип 1 светилка за тротоарите не биле во границите на стандард, односно истите биле преосветлени, а за Тип 3 на светилки, променети биле бараните услови од 5 степени инклинација на 0 степени, и висината на монтажа била повисока за 0,04 м; и - Не биле доставени комплетни сертификати стандард за управување со квалитет (EN ISO/IEC 9001:2015 или еквивалентно) стандард за безбедност и здравје при работа: (EN OHSAS/IEC 18001:2007 или еквивалентно) стандард за менаџирањесо еколошки системи (EN ISO/IEC 14001:2015 или еквивалентно) стандард за менаџирање со енергетски системи (EN ISO/IEC 50001:2011 или еквивалентно).

Понудата на понудувачот ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка- Подружница во Република Македонија, Охрид, не ги исполнувала условите и барањата од техничките спецификации, од причини што: - Светилка тип 1 била дефинирана со две технички спецификации а и б, додека во понуда била дадена само една светлосна арматура; - Во документ „Typ1b 2_5XF2C42T08HA_1xLED_59126_11 (2“ и сите други документи за тип 1, декларирана била снага од 60W односно снаги поголеми од предвидените; - Недостасувала техничка документација за светилка тип 2, 4 и 5; - Не биле доставени Докази за исполнување на сите функционални барања од техничката спецификација; - Не биле доставени ИК тестови за тип 1-4 светилки; - Не биле доставени ИП тестови за тип 1-4 светилки; - Не бил доставен ЕНЕЦ + сертификат за тип 5 светилка; - Во доставените фотометриски пресметки во понудата била доставена една светилка за тип 1, додека понудени биле 2 типа на ЛДТ фајлови за овој тип на светилка, односно не било одредано кој тип на светилка односно кој LTD file за тип 1 ќе биде користен, а за ТИП 2 светлосна

арматура била дадена со погрешен LTD File, со лумени 5676lm во доставена пресметка, додека 5654 lm во доставен LTD file.

По исклучување на понудата на понудувачот Друштво за енергетски инженеринг ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во првата фаза на евалуација поради некомплетна и невалидна документација и исклучување на понудите на понудувачите Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт импорт Скопје, и ИЦС-СИСТЕМИ Р.Чешка - Подружница во Република Македонија, Охрид во втората фаза на евалуација поради неисполнување на условите и барањата од техничките спецификации, во третата фаза од евалуацијата односно разгледување на финансиските понуди не останала ниту една понуда за разгледување.

Комисијата изготвила Извештај од спроведената постапка, бр.05-775/13 од 15.07.2021 година, со кој согласно член 114 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки, предлага поништување на постапката затоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда.

Со оглед на тоа што согласно член 21-а став (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, е предвидено дека: *„Кога концедент или јавен партнер е општината, градот Скопје или општината во градот Скопје, одлуката од ставот 1 на овој член* (Одлука за избор на најповолна понуда или Одлука за поништување на постапката) *ја донесува советот на општината, советот на градот Скопје или советот на општината во градот Скопје по предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје*“, Градоначалникот на Општина Гевгелија врз основа на Извештајот на Комисијата на Советот на Општина Гевгелија му предлага поништување на постапката затоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда.

По разгледување на предлогот на Градоначалникот на Општина Гевгелија, а со оглед на тоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда, согласно член 114 став (1) алинеја 2 од Законот за јавните набавки и член 21-а став (1, (2) и (4) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, е одлучено е како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба во рок од 10 дена од денот на приемот на истата, преку ЕСЈН, истовремено до Државната комисија за жалби по јавни набавки и договорниот орган.

Бр.09-1153/1
21.07.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

# АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 115 став (1) и став (14) од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20 ) и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 12.07.2021 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за избор на директор**
**на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“- Миравци**

1. За директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“- Миравци, се избира лицето: Васка Ефтимова, со завршен Педагошки Факултет - професор по одделенска настава, вработена во Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“ - Миравци.

2. Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ„Климент Охридски“-Миравци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**Образложение:**

Согласно член 108 став (6) од Законот за основно образование, Училишниот Одбор на ООУ„Климент Охридски"-Миравци распиша јавен оглас за избор на директор на ООУ„Климент Охридски“-Миравци. По распишување на огласот и спроведенета постапка опишана во член 115, од став (7) до став (12) од Законот за основно образование, Училишниот Одбор на ООУ „Климент Охридски"-Миравци, до градоначалникот на Општина Гевгелија достави предлог со еден кандидат за избор на директор. По разгледување на предлогот од Училишниот Одбор на ООУ„Климент Охридски"-Миравци, а согласно член 115 став (1) и став (14) од Законот за основно образование, градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе Решение како во диспозитивот.

**Правна поука**:
-Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08- 1098/2
12.07.2021
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**м-р Сашо Поцков**

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, за периодот од 01.04.2021 година до 30.06.2021 година (кумулативно)......................................................................430
2.Одлука за примање донација од Државна видеолотарија – "Аустриа Касинос" ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал, кошарка и изградба на детски парк во Гевгелија......430
3.Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за финансирање, буџет и Локален економски развој при Советот на Општина Гевгелија................431
4.Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за функционирање на системот за локална самоуправа при Советот на Општина Гевгелија.............432
5.Решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија........................................................433
6.Заклучок за усвојување на полугодишниот извештај за состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност - Гевгелија за 2021 година....................................................434
7.Одлука за недавање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2021 година...............................................435
8.Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.................................................................................435
9.Одлука за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Гевгелија преку воведување на мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел.......................................................................436

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1. Решение за избор на директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“- Миравци......................................................................443

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи, ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија